# НАУЧНИ ПРИЛОЗИ ЗА РУСКИОТ КОНЗУЛАТ ВО БИТОЛА (*Рускиот императорски конзулат во Битола 1861-1915*. Свети Николе: Институт за национална историја, Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“, 2015, с.154)

Публикацијата „Рускиот императорски конзулат во Битола 1861–1915“ (Свети Николе, 2015), во издание на Институтот за национална историја и на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“, претставува зборник од трудови презентирани на Научниот собир „Рускиот императорски конзулат во Битола 1861–1915“, одржан на Пелистер, на 31.10.2003 и 1.11.2003 година. Овој научен собир, на којшто бевме сведоци и учесници, пред 15 години, беше организиран по повод 100-годишнината од Илинденското востание на македонскиот народ, 100-годишнината од убиството на рускиот императорски конзул А. А. Ростковски и 100-годишнината од печатењето на книгата „За македонцките работи“ од Крсте П. Мисирков. Организатори на Собирот беа Здружението за македонско-руско пријателство, во соорганизација со Македонското научно друштво во Битола и Институтот за национална историја. Со оглед на ситуацијата со финансирањето на науката во Република Македонија, печатењето на материјалите од овој собир изгледаше речиси невозможно. Меѓутоа, благодарение на финансиската поддршка од Амбасадата на Руската Федерација во Република Македонија, а во соработка со Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“, Институтот за национална историја конечно доби можност да го напечати зборникот „Рускиот императорски конзулат во Битола (1861-1915)“. Подготовката на публикацијата ја следеше Редакцијата во состав: проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска, проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска, проф. Здравко Божиновски и доц. д-р Димитар Љоровски (секретар). Јавната промоција на изданието се случи на 9.10.2015 година, во Битола, во Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“, а промотори беа проф. д-р Драги Ѓоргиев и проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска.

Овој зборник претставува значаен придонес кон истражувањата за руското конзуларно претставништво во Битола, за неговиот развиток и промени, со осврти врз некои важни историски личности, кои силно влијаеле врз политиката и историјата како и истражувања за руската политика кон Балканот и, поспецифично, за нејзиниот однос кон Македонија и македонското прашање. Посебен корпус од прилози се посветени и на Илинденското востание, видено низ призмата на дипломатската документација.

Односите на Русија со православното население на Балканот, особено нагласено на крајот од XVII и 70-тите години од XVIII век, се опфатени во текстот на **проф. д-р Милка Здравева, „Поглед на руската политика на Балканот и руско-македонските врски од Ќучук-кајнарџискиот мир (1774) до Берлинскиот конгрес (1878)“**. Во тој контекст, авторот го разгледува и интензивирањето на културната соработка, особено тенденцијата, млади луѓе да се школуваат на руските универзитети. Како логично продолжение на овие општи согледувања за руската политика на Балканот, **проф. д-р Здравева** пишува и поспецифично, во прилогот „**Интересот на царска Русија за Балканот и за православните балкански народи**“. Прилогот ги обработува залагањата на руската политика за свое активно присуство и влијание, низ разни форми на дејствување, преку црквата, училиштата, учебниците, но и преку помош во антиосманските воени активности. Тоа придонесува кон позитивната наклонетост на православното христијанско население кон Руската Империја, како единствената слободна православна држава. Во таа насока е и научниот осврт на **проф. д-р Маргарита Пешевска: „Односот на царска Русија кон Македонија на крајот на XIX и почетокот на XX век“**. Како што констатира авторот, „Русија како словенска земја многу рано пројавувала интерес за настаните на Балканот и во Македонија. Таа и како христијанска земја сметала дека треба да го заштитува христијанското население на ова подрачје. Интересот на Царска Русија за Македонија, се гледа и од тоа дека таа успеала да издејствува кај Султанот право за отворање конзулати“. Проф. д-р Пешевска пишува поконкретно и за интересот на Русија за Битола, поради што, токму во овој град, бил отворен руски конзулат.

Пригодно, на главниот повод на одржаната конференција, **Н. Миргајас Ширински** го проследува историјатот на ова високо руско претставништво во текстот „**Историјата на Рускиот конзулат во Битола и неговото место во руската политика на Балканот**“. Во него пишува за 54-годишното постоење на Конзулатот, од 1860 до 1915 година, со 12-те руски императорски конзули, вицеконзули и

привремени извршители, како и за промените во неговиот статус (во 1877 година бил намален на вицеконзулат, а во 1901 година, му бил вратен статусот на конзулат). Во тој контекст е текстот на **Здравко Божиновски**, **„Отворањето на Рускиот императорски конзулат во Битола во 1861 година“,** со акцент на отворањето, што се случило точно на Велигден, во 1861 година, десет години по отворањето на првиот европски конзулат во овој град – австроунгарскиот, во 1851 година.

Од аспект на влијанието на личностите во историјата, а во тој контекст, на развитокот на руската политика на Балканот и особено во Македонија, посебно место има првиот руски дипломатски претставник, Михаил Александрович Хитрово. Врз неговата биографија се осврнуваат авторите**, проф. д-р Катерина Тодороска и Невена Петковска,** во текстот „**Михаил Александрович Хитрово (1837−1896)“**, истакнувајќи дека тоа е „една од важните немакедонски личности, значајни за нашето минато“. Во врска со неговиот целокупен ангажман, тие со право констатираат „дека македонската историографија му должи на овој значаен руски дипломат една посериозна и подлабока студија во која посебно би се обработил периодот на неговото престојување и работа сред македонското население“. На истата линија на истражување е и научниот осврт на **проф. д-р Александар Трајановски,** во прилогот „**Битола и Битолскиот вилает – Македонија и македонското прашање во извештаите на Хитрово“**. Тој посебно ги истражува проблематиката околу Македонија и македонското прашање во дипломатските известувања на рускиот дипломат и општественик Хитрово, кои особено дошле до израз во времето на Големата источна криза. Македонија и македонското прашање најмногу ги среќаваме во неговото опширно известување од средината на јуни 1879 година, до познатиот руски дипломат и министер за надворешни работи на Русија, Николај Гирс.

**Проф. д-р Драги Ѓоргиев,** во својот текст „**Рускиот конзулат во Битола во извештаите на британските конзули (1861–1871)“,** дава интересна анализа на неколку документи од Државниот архив на Велика Британија (Public Record Office), кои се дел од микрофилмуваната архивска документација во Државниот архив на Република Македонија (фонд Форин Офис). Станува збор за пет извештаи, од кои три се од конзулот Чарлс Калверт, а два од заменик-конзулот Едмунд Калверт. Проф. д-р Ѓоргиев истакнува: „Од повеќе аспекти тие претставуваат интересно сведоштво за таа активност видена со очите на британските конзуларни претставници во Битола,

но, исто така, го покажуваат и интересот на Британците за политиката што Русија ја спроведувала на Балканскиот Полуостров преку своите конзуларни претставници".

**Акад. Блаже Ристовски,** во прилогот „**Мисирков и Ростковски**", низ своите научни опсервации на историските профили на овие две личности и нивните приватни врски, успеал да ги поврзе трите јубилеи. Во таа смисла, ќе напише: „Полни 100 години нè делат од народниот подвиг во Илинденското востание и од историската појава на првата книга на современиот македонски литературен јазик и правопис „За македонцките работи", од Крсте Мисирков. исто така, се исполни и стогодишнината од убиството на Мисирковиот пријател, рускиот конзул во Битола, Алесандар Аркадјевич Ростковски, што се случи во моментот кога, во соседното Крушево, со крв и со оган се бранеше слободната територија. Сите тие знаменити одредници во историјата и до денеска живо тлеат во меморијата на нашиот народ". Улогата на Мисирков станува уште позначајна, ако се има предвид неговиот став дека за Македонија е важно да има влијателен Македонец во руската дипломатија, за што и самиот вложил големи напори.

Убиството на рускиот конзул оставило трага во историјата и предизвикало силна општествена и политичка реакција. **Ѓорѓи Стојчевски** се осврнува на него во прилогот „**Австроунгарски документи за убиството на рускиот конзул Александар Ростковски во Битола**". Тој разработува дел од австроунгарската архивска граѓа во врска со убиството и притоа претставува одредени аспекти од ставовите на Австро-Унгарија и Русија, од крајот на XIX и почетокот на XX век, во врска со овој настан. Како што пишува Стојчевски, „Истиот внесол најмногу тензија помеѓу Русија и Турција, а потоа и меѓу другите сили спрема настанатата ситуација. Во исто време правиме и кратка критика на приликите во Македонија во периодот 1903-1904 година, како и за ставот на Русија спрема Македонија". За овој настан, кој оставил трага во историјата на Конзулатот и во руската политика, како и во меморијата поврзана со градот Битола, пишува и **Здравко Божиновски,** во текстот „**Пренесувањето од Битола на телото на убиениот руски конзул Александар Ростковски и неговиот погреб во Одеса**". Меѓу другото, Божиновски напишал: „Рускиот императорски конзул Александар Аркадјевич Ростковски е убиен во Битола, до патот под денешниот градски парк, спроти Рускиот Крст, на 26 јули/8 август 1903 год., во 10,10 часот. Неговото мртво тело беше изложено во Рускиот конзулат во Битола, цели 11 дена, односно до 6/19 август, кога со високи воени и цивилни почести неговото тело било испратено на пат кон Одеса". Од Битола до Солун,

ковчегот патувал со специјален воз и потоа во воениот брод „Терес“ го продолжил патувањето кон Дарданелите, сѐ до Одеса.

Навлегувајќи во сферата на меѓународните политички односи и на нивната поврзаност со Македонија, **проф. д-р Далибор Јовановски,** во прилогот **„Македонија и грчко-руските односи во осумдесеттите години на XIX век“**, меѓу другото, пишува: „односите помеѓу Грција и Русија биле сѐ уште оптоварени со настаните кои беа поврзани со Санстефанскиот мировен договор. Грција и по завршувањето на Источната криза со голем сомнеж гледала кон Русија и нејзината политика во регионот. Грција едноставно живеела во постојан страв од панславизмот, за кој во атинските политички кругови се сметало дека бил поттикнуван директно од Петроград“.

Како една од историските детерминанти, претставува историскиот настан, па во таа смисла, Илинденското востание може да се смета како историски настан од исклучително значење за македонската историја. Во прилогот **„Илинденското востание во Битолскиот и Скопскиот вилает според извештаите на руските дипломатски претставници“**, авторот, **проф. д-р Александар Трајановски,** ја изнесува својата анализа, направена врз основа на руски официјални дипломатски документи што се однесуваат на почетокот на Илинденското востание и на последиците за Македонија во 1903-тата и делумно во 1904-тата година. Прилогот, пак, „**Руско-италијанските односи 1903−1904 година и положбата во Македонија (Битолскиот вилает)“** од **проф. д-р Кочо Сидовски,** се осврнува на македонското националноослободително и револуционерно движење од почетокот на XX век и вооруженото востание како кулминација, со барање за национално и политичко ослободување што се базирало на легитимни историски суверени права за слободно постоење и независност.

Низ архивска документација, **проф. д-р Симо Младеновски** третира прашање поврзано со руската имиграција, во прилогот „**Учеството на Руси во Народноослободителната антифашистичка војна на Македонија“**. Имено, речиси 200 Руси земале учество во текот на Народноослободителната војна во Македонија, кои доаѓале како имигранти, по Октомвриската револуција, или како советски бегалци, војници од германско заробеништво, 1941-1944 година итн.

Зборникот „Рускиот императорски конзулат во Битола (1861-1915)“ претставува збир од интересни научни прилози, кои презентираат, но и отвораат прашања на кои останува науката да одговори во иднина. Да се надеваме дека и во иднина ќе бидеме

сведоци на слични публикации, со кои се отвораат нови погледи за минатото и со тоа, подобро разбирање на сегашноста.

***Билјана Ристовска-Јосифовска***